| 5 | 30 | 054 | Степанци |
| 5 | 30 | 055 | Суво Грло |
| 5 | 30 | 056 | Судиќ |
| 5 | 30 | 057 | Сушево |
| 5 | 30 | 058 | Танатарци |
| 5 | 30 | 059 | Таринци |
| 5 | 30 | 060 | Тестемелци |
| 5 | 30 | 061 | Топлиќ |
| 5 | 30 | 062 | Три Чешми |
| 5 | 30 | 063 | Хаџи Хамзали |
| 5 | 30 | 064 | Хаџи Реџепли |
| 5 | 30 | 065 | Хаџи Сејдели |
| 5 | 30 | 066 | Црвулево |
| 5 | 30 | 067 | Црешка |
| 5 | 30 | 068 | Чардаклија |
| 5 | 30 | 069 | Чифлик |
| 5 | 30 | 070 | Пашаварлија |
| 5 | 30 | 071 | Шопур |
| 5 | 30 | 072 | Штип |

Член 20

Пренесувањето на податоците за корисникот и за парцелата од пописниот лист се врши со помош на електронска машина — дупчалка.

Контролирање на дупчените податоци се врши со идентична електронска машина — верифицирка.

Во случај на грешка при дупчење на некој податок, машината сигнализира и по отстранувањето на грешката картицата е исправна.

Член 21

За секој корисник или сокорисник се дупчи една картица.

За секоја парцела се дупчи посебна картица.

Ако некоја парцела се состои од повеќе делови (култури или класи), за секоја од нив се дупчи посебна картица.

Доколку се дупчи сокориснички пописен лист (насловна картица), за секој сокорисник се дупчи во колона (78—79), дел од поседот.

### 3. Контролен образец

Член 22

Кога се издупчени и верифицирани картиците за корисниците (број 2) и картиците за парцелите (број 3), за целата катастарска општина, се внесуваат во електронскиот систем или се пренесуваат на диск за добивање на контролен образец.

Член 23

Контролниот образец содржи број на поседовниот лист и броеви на парцели со површини. Тој претставува регистар на поседовните листови со поединечни површини на парцели и сумарни податоци за секој корисник.

Збирните податоци од контролниот образец се споредуваат со збирот на површините во пописните листови и треба да се сложат.

Во колку се појави неслагање, некоја парцела не е дупчена или содржи грешка, картицата се исправува.

Член 24

По извршената контрола, вкупната површина во контролниот образец мора да се слага со вкупната површина во списокот на површините. Во тој случај, картиците или нивните податоци внесени во меморијата на електронската машина, можат да служат за изработување на катастарскиот операт.

Член 25

Редоследот на изработување на одделни делови од катастарскиот операт е зависен од електронскиот систем за обработка на податоците.

### 4. Список на парцелите

Член 26

Во списокот на парцелите (образец бр. 1), се запишуваат од дупчената картица, по електронски пат, следниве работи: бројот на парцелата, бројот на планот и скицата, на деталите или фотоскицата, на која се наоѓа парцелата, бројот на поседовниот лист, културата, класата (со бројка), површината и катастарскиот приход.

Покрај тоа, овој образец за спроведување на измените содржи колони за упишување реден број на списокот на измените, година, страница на додатокот и број на скица за премерување.

Член 27

Во списокот на парцелите, податоците за секоја парцела се запишуваат во одделен хоризонтален ред (ставка), по аритметичен ред на броевите на парцелите.

Ако некоја парцела се состои од повеќе делови (култури или класи), секој дел се подредува во системот и во списокот на парцелите се запишува во одделен хоризонтален ред посебно еден по друг.

За парцелите во општествена сопственост, кога во картицата е дупчено 1, во колона 11 од списокот на парцелите се запишува „О. С.“.

Член 28

Називите на културите во списокот на парцелите се запишуваат со букви, според односната шифра која е дупчена во картицата.

Класите се испишуваат со арапски број.

Член 29

Вкупната површина во списокот на површините се одбива во вид на рекапитулација, на посебна страница, за површината и катастарскиот приход на катастарската општина.

Вкупната површина во списокот на парцелите мора да се слага со вкупната површина во контролниот образец, односно со списокот на површините.

### 5. Поседовен лист

Член 30

Поседовниот лист (образец број 2 и бр. 2а) со податоците за корисникот и нумеричките податоци за парцелата: број на парцелата, култура, површина и класа, претставува јавна исправа.

Се изработува врз основа на податоците од пописните листи пренесени на дупчени картици кои го носат нивниот број.

Член 31

Поседовниот лист е составен од два дела: насловна страница која ги содржи податоците за името и седиштето на организацијата, односно личните податоци за сопственикот — корисникот, местото на живеење, улица и куќен број (во натамошниот текст: индикации) и внатрешната страница во која се внесени податоците за секоја парцела: број на парцелата, број на планот и скица на деталите, односно фотоскица, викано место, култура, класа, површина и катастарски приход.

Поседовниот лист содржи податоци за приновување, отуѓување на одделни парцели, реден број од списокот на промените и година кога е извршена измената.

Член 32

Податоците за парцелите во поседовните листи се запишуваат по нивниот аритметички ред и тоа за секоја парцела во одделен хоризонтален ред.

Ако под истиот број на парцелата се наоѓаат повеќе култури и класи, секој дел се запишува во одделен хоризонтален ред.

Член 33

Катастарскиот приход се пресметува во поседовните листови поединечно за секоја парцела. Катастарскиот приход се пресметува врз основа на површината, класата и соодветната скала за катастарскиот приход, а се заокружува на пара.

Член 34

Поседовниот лист на крај се заклучува со вкупна површина и катастарски приход. За контрола на поседовните листови на крајот се дава збирен резултат во вид на рекапитулација на површините и катастарскиот приход за цела катастарска општина.

Збирниот резултат по поседовните листови мора да се слага со резултатот во рекапитулацијата на списокот на парцелите, прегледот на површините по култури, класи и неплодни земјишта.

### 6. Сумарен преглед на поседовните листови

Член 35

Сумарниот преглед на поседовните листови (образец број 3) се изработува за сумарните резултати на површините и катастарскиот приход по поседовните листови

Член 36

Индикациите на корисниците се запишуваат во хоризонтални редови.

Индикациите на сокорисниците се запишуваат во збирниот преглед на поседовните листови по ист ред, како и кај останатите, покрај бројот на поседовниот лист, со тоа што се упишува и дел од поседот.

Бројот на поседовниот лист се упишува пред секој корисник и тоа по аритметичен ред.

Член 37

Вкупната површина и катастарскиот приход во сумарниот преглед на поседовните листови мора да се слага со вкупната површина во списокот на парцелите, рекапитулацијата на поседовните листови и прегледот на површините по културите и класите и неплодните земјишта.

### 7. Преглед на површините и катастарскиот приход по култури и класи на неплодни земјишта

Член 38

Прегледот содржи збирен резултат на површините и катастарскиот приход, одделно по култури и класи за приватната и општествената сопственост.

Имињата на културите се запишуваат по определен ред кој е утврден во Правилникот за класирање.

Член 39

Во прегледот на површините и катастарскиот приход по култури, класи и неплодни земјишта, се внесуваат оние култури и класи кои се застапени во катастарската општина.

За секоја култура и класа се дава збирен резултат за површините, катастарскиот приход и парцелите од приватна и општествена сопственост.

Површините се добиени како збир од сите парцели од одредена култура и класа.

Катастарскиот приход е добиен со множење на површината, со соодветната вредност за културата и класата утврдена во скалата за катастарскиот приход заокружен на пари.

Член 40

На крајот од овој преглед, на посебна страница, се прави рекапитулација на вкупната површина и катастарскиот приход за приватна и општествена сопственост и неплодните земјишта за целата катастарска општина.

Вкупната површина и катастарскиот приход мора да се слагаат со вкупната површина и катастарскиот приход во списокот на парцелите и поседовните листови.

### 8. Азбучен преглед на корисниците

Член 41

Азбучниот, односно абецедниот преглед на корисниците (образец број 4), ги содржи индикациите на сопствениците, корисниците или сокорисниците и броевите на поседовните листови.

Овие податоци се идентични со насловната страница на поседовните листови.

Индикациите на корисниците на општествената сопственост се запишуваат под буквата „О“ (општествена сопственост), по азбучен ред на имињата на корисниците.

Овој преглед служи за подобро изнаоѓање на корисниците во другите делови на катастарскиот операт.

Член 42

Списокот на изменетите поседовни листови го води општинската геодетска управа за секоја година и го доставува, заедно со списокот на измените, до Републичката геодетска управа заради контрола на изменетите поседовни листови изработени по електронски пат.

Сумарниот преглед на катастарскиот приход по домаќинства служи за поврзување на вкупниот приход по домаќинства, врз основа на кој се реализира оданочување од земјоделска дејност.

Сумарниот преглед на катастарскиот приход по домаќинства го изработува и одржува општинска геодетска управа секоја година со податоците од сумарниот преглед на поседовните листови.

### Б. Одржување на катастарскиот операт

Член 43

Одржувањето на катастарскиот операт се состои во спроведувањето на измените во сите делови на катастарскиот операт, врз основа на податоците внесени во списокот на измените.

### 1. Список на измените

Член 44

Списокот на измените се води по катастарски општини за секоја година и тој служи за спроведување измени во катастарскиот оперaт, а содржи податоци за старата и за новата положба на корисникот и парцелата.

Член 45

Запишувањето на податоците од старата и од новата положба се врши:

— по ред сите пријави поднесени во текот на годината а кои не се сврзани со премер или увид на лице место. Овие измени се однесуваат за цели парцели или поседи кои е потребно да се спроведат низ катастарскиот оперaт врз основа на правосилни документи; и

— сите измени внесени во списокот на пријавите и решени по извршениот увид на теренот.

Член 46

Списокот на измените се заклучува кога вкупната површина на запишаните парцели, според неговата состојба, се сложува со вкупната површина според старата состојба.

Списокот на измените се заклучува еднаш во годината и тоа со клаузула: „Овој список на измени се заклучува со реден број ... за 197... год."

На десната страна се упишува — заверува од раководителот на ОГУ, а од левата страна потпис на извршителот на работите.

Ако се менува површината на катастарската општина, разликата во површината помеѓу старата и новата состојба во списокот на измените мора да биде еднаква со разликата помеѓу старата и новата состојба во површината на катастарската општина.

Во деловите на катастарскиот оперaт, при спроведувањето на измените, се запишуваат редниот број и годината под кои измената е воведена во списокот на измените.

### 2. Механографска картица

Член 47

При спроведувањето на измените, се дупчат нови картици за старата и за новата положба на парцелата (број 3).

Како основ за дупчење на картиците служи списокот на измените.

Член 48

Картицата за старата положба ги содржи сите податоци за парцелата, со тоа што во колоната 73 се упишува шифра за отуѓување (2), во колоните 68—72 се упишува редниот број од списокот на измените и година, а во колоните 74—77 бројот на поседовниот лист во кој се пренесува.

Во картицата за новата положба која ги содржи новите податоци за парцелата, измените од списокот на измените, во колоната 79 се упишува шифрата за приновување (3), а во колоните 68—72 редниот број на списокот на измените и годината, 74—77 бројот на поседовниот лист од каде е пренесена парцелата.

Член 49

Кога се појавуваат нови корисници на земјиштето, се дупчат нови картици број (2), со исти податоци како и при првобитната изработка на операторот (член 18) од овој правилник.

Ако се менуваат индикациите за корисникот, односно сокорисникот на поседовниот лист, се дупчат нови картици број (2) за новата положба на корисникот.

Член 50

Кога се издупчени и верифицирани картиците за новата и старата положба на корисниците и картиците за парцелите од променетите поседовни листови, се изработува контролен образец.

Вкупната површина од старата положба мора да се слага со вкупната површина од новата положба на поседовните листови кои трпат промена.

### Спроведување на измени во катастарскиот оперaт

Член 51

Измените се спроведуваат во следните делови на катастарскиот оперaт:

1. во поседовните листови;
2. во списокот на парцелите;
3. во сумарниот преглед на поседовните листови;
4. во прегледот на површините и катастарскиот приход по култури, класи и неплодните земјишта; и
5. во азбучниот преглед на корисниците.

Член 52

Спроведувањето на измените во деловите на катастарскиот оперaт се врши со дупчење на картици и пренесување на електронскиот систем.

Податоците од дупчените картици по електронски пат се пренесуваат во деловите на катастарскиот оперaт.

### 3. Поседовен лист

Член 53

При спроведување измени во поседовниот лист, сите поседовни листови кои трпат некоја измена се изработуваат повторно.

Измените се спроведуваат врз основа на списокот на измените и дупчената картица.

Член 54

Измените се спроведуваат на насловната и внатрешната страница и тоа:

а) при измена на насловна страница, се изработува нова, а старата се архивира. Редниот број на списокот на измените и годината се упишуваат рачно на стариот и на новиот лист од страна на ОГУ; и

б) при измена на внатрешниот дел на поседовниот лист се изработува нов, кој ги содржи првобитните и новите податоци, со тоа што податоците кои трпат измена се прецртуваат од 1—9 колона.

Ако некоја парцела се пренесува во друг поседовен лист, во стариот поседовен лист се прецртува, а се назначува број на поседовниот лист каде е пренесена, реден број на списокот на измените и година. Во новиот поседовен лист се упишува по аритметичен ред и се назначува од каде е пренесена, реден број на списокот на измените и година.

Член 55

При овој начин на спроведување на измените, старите поседовни листови (внатрешна страница) не е потребно да се чуваат.

Член 56

Заради контрола дека измените правилно се спроведени, податоците од поседовните листови кои трпат измена се внесуваат во списокот на изменетите поседовни листови.

Внесените податоци за површините од страна на новата положба на изменетите листови мора да се сложуваат со списокот на измените.

Оваа контрола ја спроведува општинската геодетска управа.

### 4. Список на парцелите

Член 57

При спроведувањето на измените во списокот на парцелите, се изработува додаток на списокот на парцелите и тоа за оние парцели кои трпат измени.

Член 58

Додатокот на списокот на парцелите се изработува како и оригиналот. Парцелите кои трпат измена се внесуваат по аритметички ред.

Во оригиналот податоците за парцелите не се прецртуваат, туку рачно се пополнуваат колоните 8, 9 и 10.

Во додатокот на списокот на парцелите се упишува редниот број и годината на списокот на измените.

Работите од став 2 и 3 ги врши општинската геодетска управа.

Член 59

Додатокот на списокот на парцелите се заклучува со збирот на површината која треба да се слага со збирот на површината во списокот на изменетите поседовни листови.

### 5. Сумарен преглед на поседовните листови

Член 60

Спроведувањето на измените во сумарниот преглед на поседовните листови се врши рачно. Се прецртува старата положба и се упишуваат новите податоци за поседовните листови кои се менуваат.

Заради контрола, вкупната површина мора да се сложува со старата состојба на сумарниот преглед на поседовните листови, доколку не се менува границата на катастарската општина. Измените и контролата во прегледот на поседовните листови ја врши општинската геодетска управа.

### 6. Преглед на површините и катастарскиот приход по култури, класи и неплодни земјишта

Член 61

Во постапката за спроведување на измените во катастарскиот операт не се спроведуваат измени во прегледот на површините и катастарскиот приход по култури, класи и неплодните земјишта, туку овој преглед се изработува повторно, доколку во дотичната катастарска општина има измени во текот на годината.

Член 62

Општинските геодетски управи овие прегледи ги чуваат заради користење на сумарните резултати.

### 7. Азбучен преглед на корисниците

Во азбучниот преглед на корисниците, спроведувањето на измените на корисниците се врши рачно.

Овие измени ги спроведува општинската геодетска управа, од кога ќе се изработат изменетите поседовни листови.

Член 64

Доколку при одржувањето на катастарскиот операт се спроведуваат повеќе измени, може, по извесно време, азбучниот преглед на корисниците и сумарниот преглед на поседовните листови да се изработат повторно.

### 8. Список на изменетите листови

Член 65

Списокот на изменетите поседовни листови служи за внесување на површините и катастарскиот приход од старата и новата положба на поседовните листови. Служи и како контрола дали измените во поседовните листови добро се спроведени.

Списокот на изменетите поседовни листови се заклучува кога вкупната површина од досегашната состојба се сложува со вкупната површина од новата состојба.

Член 66

Доколку има измена во границата на катастарската општина разликата во површината во списокот на изменетите поседовни листови мора да се слага со разликата во списокот на промените.

Разликата во катастарскиот приход мора да се слага со разликата во прегледот на површините и катастарскиот приход по култури, класи и неплодни земјишта, од старата и новата положба, односно од стариот преглед и прегледот во кој се извршени измените, со разликата во списокот на измените и со разликата на сумарниот преглед на поседовните листови.

Списокот на изменетите поседовни листови ги составува општинската геодетска управа.

## III. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 67

При преминување од класична на електронска изработка на катастарските операти, како основ служат поседовните листови.

Член 68

Обрасците број 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7 и 8, од член 2 од овој правилник, се негов составен дел.

Член 69

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Бр. 06-1036/1
19 јуни 1974 година
Скопје

Директор,
дипл. геод. инж. **Христов Коста**, с. р.

СР Македонија
Општина Охрид
К. о. Охрид

Шифра 5 19 035

Страна 1

СПИСОК НА ПАРЦЕЛИ

| | Број на парцела | | Број на | | Број на поседов лист | КУЛТУРА | Класа | Површина | | | Катастарски приход | | Ред. бр. на списокот и измените и година | | Страна на додаток | Ознака за оппитес. сопственост | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Матичен број | основен | под бр. | план | скица | | | | ha | a | m | дин. | п. | при запишување | при поништување | | | |
| | 1 | | 2 | | 3 | 4 | 5 | 6 | | | 7 | | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| 4684 | 10001 | | 1 | 1 | 14280 | Нива | 2 | | 3 | 36 | 75, | 60 | | | | | |
| 4683 | 10001 | | 1 | 1 | 14280 | Двор | | | 5 | 00 | 0, | 00 | | | | | |
| 4682 | 10001 | | 1 | 1 | 14280 | Куќа и згр. | | | | 69 | 0, | 00 | | | | | |

Републичка геодетска управа — Скопје

Образец бр. 1

СР Македонија
Општина Охрид
К. о. Охрид

Шифра 19035
Страна 1

ПОСЕДОВЕН ЛИСТ бр. ——

| Матичен број на корисникот | Име на орган, организација и лични податоци на корисникот | Улица | Место на живеење | Куќен број | Дел на поседот | Список на измени: при упишување: ред. бр. | Список на измени: при упишување: год. | Список на измени: при поништување: ред. бр. | Список на измени: при поништување: год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | | 8 | |
| 01538 | Митковски Ѓорѓиев Атанас | М. Несторовски | Охрид | 170 | 1/1 | | | | |

Републичка геодетска управа — Скопје

Образец бр. 2

СР Македонија
Општина Охрид
К. о. Охрид

Шифра 19035
Страна 1

ПОСЕДОВЕН ЛИСТ бр. 13214

| Матичен број | Број на парцела: Основен | Број на парцела: Под број | Број на: План | Број на: Скица | Име на потес — викано место | Култура | Класа | Површина: ha | Површина: a | Површина: m² | Катастарски приход: Динари | Катастарски приход: п | Приновено: од | Отуѓено: во | Список на измени: за принов.: реден број | Список на измени: за принов.: год. | Список на измени: за отуѓени: реден број | Список на измени: за отуѓени: год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | | 2 | | 3 | 4 | 5 | 6 | | | 7 | | 8 | 9 | 10 | | 11 | |
| 15383 | 10197 | | 6 | 4 | Новичиќ | Нива | 3 | | 16 | 32 | 261, | 12 | | | | | | |
| 15385 | 13038 | | 56 | 2 | М. Несторовски | Куќа | | | 0 | 99 | 0, | 00 | | | | | | |
| 15386 | 13038 | | 56 | 2 | М. Несторовски | Двор | | | 3 | 09 | 0, | 00 | | | | | | |
| | | | | | Положба на крај на 1974 година | | | | 20 | 40 | 261, | 12 | | | | | | |

Републичка геодетска управа — Скопје

Образец бр. 2а

СР Македонија
Општина Охрид
К. о. Охрид

Шифра 519035
Страна 1

СУМАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПОСЕДОВНИ ЛИСТОВИ

| Матичен број | Број на посед. лист | Име на орган, организација и лични податоци на корисникот | Место на живеење | Улица | Куќен број | Дел на поседот | Површина: h | Површина: a | Површина: m | Катастарски приход: дин. | Катастарски приход: пари |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | | | 8 | |
| 7391 | 10001 | Чингов Томев Никола | Охрид | Абас Емин | 3 | 1/1 | | 1 | 01 | 0, | 00 |
| 7393 | 10002 | Чингов Томев Живко | Охрид | Абас Емин | 3 | 1/1 | | 1 | 14 | 0, | 00 |
| 7395 | 10003 | Чингов Јакимов Томе | Охрид | Абас Емин | 3 | 1/1 | | 79 | 15 | 1.754, | 64 |
| 7402 | 10004 | Димитровски Танасов Ристо | Охрид | Абас Емин | 4 | 1/1 | 1 | 84 | 92 | 7.699, | 72 |
| 7411 | 10005 | Османи Али Амди | Охрид | Абас Емин | 5 | 1/1 | | 4 | 88 | 0, | 00 |
| 7414 | 10006 | Муслиоски Јусуф Азис | Охрид | Абас Емин | 7 | 1/1 | | 49 | 37 | 2.070, | 45 |
| 7418 | 10007 | Андрески Русов Цветко | Охрид | Абас Емин | 8 | 1/1 | | 6 | 06 | 2, | 24 |
| 7422 | 10008 | Гроздановски Борисов Никола | Охрид | Абас Емин | 9 | 1/1 | | 18 | 86 | 415, | 80 |
| 7426 | 10009 | Дока Зија Музафир | Охрид | Абас Емин | 10 | 1/4 | | | | | |
| 7427 | 10009 | Дока Дилавер Зија | Охрид | Абас Емин | 10 | 1/4 | | | | | |
| 7428 | 10009 | Дока Зија Менди | Охрид | Абас Емин | 10 | 1/4 | | | | | |
| 7429 | 10009 | Дока Зија Рефик | Охрид | Абас Емин | 10 | 1/4 | 21 | 01 | | 376, | 04 |

Републичка геодетска управа — Скопје

Образец бр. 3

СР Македонија — Шифра 19-035

Општина Охрид — Страна 00023

К. о. Охрид

## АЗБУЧЕН ПРЕГЛЕД НА КОРИСНИЦИТЕ

| Матичен број | Име на орган, организација и лични податоци на корисниците | Место на живеење | Улица | Куќен број | Број на поседов. лист | Има имот во | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | К. о. | Број на поседов лист |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 016760 | Аѓимов Осман Мане | Охрид | Стив Наумов | 52 | 14793 | | |
| 012975 | Апталковски Андрев Трајан | Охрид | Ј. Сандански | 105 | 12270 | | |
| 012972 | Апталковски Трајанов Наум | Охрид | Ј. Сандански | 103 | 12269 | | |

Републичка геодетска управа — Скопје — Образец бр. 4

Катастарска општина Охрид — Страна 1

## ПРЕГЛЕД НА ПОВРШИНИ И КАТАСТАРСКИ ПРИХОД ПО КУЛТУРИ И КЛАСИ И НЕПЛОДНИ ЗЕМЈИШТА

| Култура | Класа | ПРИВАТЕН СЕКТОР | | | ОПШТЕСТ. СЕКТОР | | | ВКУПНО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Површ. h ar m | Катастарски приход дин. п. | Број карт. | Површ. h ar m | Катастарски приход дин. п. | Број карт. | Површ. h ar m | Катастарски приход дин. п. | Број карт. |
| Ниви | прва | 46.42.53 | 129.990.84 | 454 | 9.33.89 | 26.148.92 | 59 | 55.76.42 | 156.139.76 | 513 |
| | втора | 22.81.02 | 51.322.53 | 189 | 5.07.85 | 11.426.58 | 21 | 27.88.87 | 62.749.11 | 210 |
| | трета | 21.98.85 | 35.181.60 | 183 | 1.32.46 | 2.119.36 | 11 | 23.31.31 | 37.300.96 | 194 |
| | четврта | 3.44 | 37.84 | 2 | | | | 3.44 | 37.84 | 2 |
| Вкупно | | 91.25.84 | 216.532.81 | 828 | 15.74.20 | 39.694.86 | 91 | 107.00.04 | 256.227.67 | 919 |
| Градини | прва | 6.73.97 | 57.287.45 | 119 | 10,11 | 859.35 | 2 | 6.84.08 | 58.146.80 | 121 |
| | втора | 2.78.41 | 19.488.70 | 83 | 2.99 | 209.30 | 1 | 2.81.40 | 19.698.00 | 84 |
| Вкупно: | | 9.52.38 | 76.776.15 | 202 | 13.10 | 1.068.65 | 3 | 9.65.48 | 77.844.80 | 205 |
| Овошни градини | прва | 136.87.93 | 766.524.08 | 984 | 6.93.07 | 38.811.92 | 17 | 143.81.00 | 805.336.00 | 1.001 |
| | втора | 26.72.55 | 120.264.75 | 282 | 1.07.53 | 4.838.85 | 15 | 27.80.08 | 125.103.60 | 297 |
| | трета | 13.22.81 | 42.329.92 | 44 | | | | 13.22.81 | 42.329.92 | 44 |
| | седма | 4.09 | 32.72 | 1 | | | | 4.09 | 32.72 | 1 |
| Вкупно: | | 176.87.38 | 929.151.47 | 1.311 | 8.00.60 | 43.650.77 | 32 | 184.87.98 | 972.802.24 | 1.343 |

Образец бр. 5

Образец бр. 6

71 X 33 см.

СР МАКЕДОНИЈА — К. о ————

ОПШТИНА ———— — Шифра ————

## СПИСОК НА ИЗМЕНИ

(насловен)

ОП Собрание —————— шифра

КО —————— шифра

## СПИСОК НА ИЗМЕНИ

| Реден број | Број на пријавен лист | ДОСЕГАШНА СОСТОЈБА: Презиме, татково име и име на поседникот, место на живеење улица и куќен број | ДОСЕГАШНА СОСТОЈБА: Број на – Парцела – Основен / Дел | Број на – План | Број на – Скица | Потес / викано место | Број на пос. лист | Шифра култура – Плодна / Не плодна | Класа | Површина ha / ar / m² | Катастар. приход дин. / п. | Дел на поседот | НОВА: Број на – Парцела – Основен / Дел | НОВА: Број на – План | НОВА: Број на – Скица | НОВА: Потес / викано место |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 | 17 |
| | | 7–54 73 74 48–77 | 7 8 9 10 11 12 13 14 | 15 16 17 | 18 19 20 | 21 48 | 49 50 51 52 53 | 54 55 56 57 | 58 | 59 60 61 62 63 64 65 66 67 | | 78 79 | 7 8 9 10 11 12 13 14 | 15 16 17 | 18 19 20 | 21 48 |
| | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно: | | | | | | | | | | | | | | | | |

| СОСТОЈБА: Број на пос. лист | Шифра култура – Плодна / Не плодна | Класа | Површина ha / ar / m² | Катаст. приход | Реден број на список на промени и год. | Сопственост | Презиме, татково име и име на поседникот, место на живеење, улица и куќен број | Дел на поседот | Вид на промена — акт или исправа врз која е заснована на измената | Такса по тарифни броеви | | | Такса по тарифни броеви – Вкупно | Реден број на поновното сп. промени | ЗАБЕЛЕШКА (матичен број) |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 | 24 | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 | 31 | 32 | 33 |
| 49 50 51 52 53 | 54 55 56 57 | 58 | 59 60 61 62 63 64 65 66 67 | | 68 69 70 71 72 | | 7–54 73 74 48–77 | 78 79 | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |

СР МАКЕДОНИЈА

Образец бр. 7
29,6 × 21 см.

ОПШТИНА ——————

К. о. ——————

СПИСОК

на изменетите поседовни листови за 197— година

| Бр. на поседовниот лист | Досегашна состојба | | | | | Нова состојба | | | | | ЗАБЕЛЕШКА |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Површина | | | Чист приход | | Површина | | | Чист приход | | |
| | ha | ар | м² | Дин. | п. | ha | ар | м² | Дин. | п. | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | |

Образец бр. 8

СР МАКЕДОНИЈА

70 × 50 см.

ОПШТИНА ——————

К. о. ——————

СУМАРЕН ПРЕГЛЕД
на катастарскиот приход по домаќинства

(насловен)

| Реден број | Презиме, татково име и име на домаќинств. | Место на живеење | Поседовен лист | Збир на поседот во матичната К. О. | | | | Површина и катастарски доход од страни Катастарски општини | | | | | | Збир на поседот од страни К. О. | | | | Вкупен посед и катастарски доход на домаќинст. | | | | Дох. за оданочување за 19...... год. | Дох. за оданочување за 19...... год. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Површ. | | | Доход | К. О. | П. Л. | Површ. | | | Доход | Површ. | | | Доход | Површ. | | | Доход | | |
| | | | | Х | А | М² | | | | Х | А | М² | | Х | А | М² | | Х | А | М² | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | Износ број | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

| Дох. за оданочување за 19...... год. | Дох. за оданочување за 19...... год. | Дох. за оданочување за 19...... год. | Дох. за оданочување за 19...... год. | Дох. за оданочување за 19...... год. | Дох. за оданочување за 19...... год. | Дох, за оданочување за 19...... год. | Дох. за оданочување за 19...... год. | Дох. за оданочување за 19...... год. | Дох. за оданочување за 19...... год. | Отуѓено во др. катастарски општини | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | Во К. О. | Ред. број | Површина | | | Доход |
| | | | | | | | | | | | | Х | А | М² | |
| | | | | | | | | | | | | | | | |

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ОПШТИНСКА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КИЧЕВО

**199.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 14 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево и точка V став 1 од Одлуката за утврдување органи на управувањето и други органи на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, на заедничка седница на сите собори на делегатите, одржана на 8 мај 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ НА СОБРАНИЕТО НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КИЧЕВО

I

Во Комисијата за жалби на Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, се избираат:

— за претседател: Попоски д-р Перо,

— за членови: 1. Крпачоски Левче,
2. Канзоски Абдула.

II

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 мај 1974 година.

СОБРАНИЕ НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КИЧЕВО

Бр. 01-1317/1
8 мај 1974 година
Кичево

Претседател,
**Ѓоре Димоски,** с. р.

**200.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 17 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево и точка VIII став 2 од Одлуката за утврдување органи на управувањето и други органи на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, на заедничка седница на сите собори на делегатите, одржана на 8 мај 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ СЕКРЕТАР НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КИЧЕВО

I

За секретар на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево се именува Левче Настески, досегашен управник на филијалата на Стручната служба на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Кичево.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 мај 1974 година.

СОБРАНИЕ НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КИЧЕВО

Бр. 01-1319/1
8 мај 1974 година
Кичево

Претседател,
**Ѓоре Димоски,** с. р.

**201.**

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 8 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74) и член 22 став 1 точка 1 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, на заедничка седница на сите собори на делегатите, одржана на 8 мај 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРИВРЕМЕНО УТВРДУВАЊЕ НА ПРАВАТА ОД ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА И ДРУГИТЕ ПРАВА ОД ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ

I

Со оваа одлука, до донесување на Статутот и другите самоуправни општи акти на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево (во натамошниот текст: Заедница) се утврдуваат правата од здравствената заштита и другите права од здравственото осигурување што самостојно ги утврдува Заедницата, како и начинот на остварувањето и заштита на правата од здравствената заштита и другите права од здравственото осигурување утврдени со закон и оваа одлука.

II

Правата од здравствената заштита и другите права од здравственото осигурување што самостојно ги утврдува Заедницата, се утврдуваат во обем на правата што осигурените лица — корисници на услугите (работници и земјоделци) ги имале до денот на применувањето на оваа одлука.

По однос на правата и постапката за остварувањето и заштитата на правата од здравствената заштита и другите права од здравственото осигурување утврдени со закон и оваа одлука ќе се применуваат одредбите на Статутот и другите општи акти на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Охрид, одредбите на Статутот и другите општи акти на Заедницата на здравственото осигурување на земјоделците — Охрид, одредбите на општите акти на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на работниците на Македонија и одредбите на општите акти на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на земјоделците на Македонија.

III

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 мај 1974 година.

СОБРАНИЕ НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КИЧЕВО

Бр. 01-1321/1
8 мај 1974 година
Кичево

Претседател,
**Ѓоре Димоски,** с. р.

**202.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 1, а во врска со член 23 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, на заедничка седница на сите собори на делегатите, одржана на 8 мај 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРИВРЕМЕНО РЕГУЛИРАЊЕ НА ОДДЕЛНИ ПРАШАЊА ЗА ФИНАНСИРАЊЕТО И ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КИЧЕВО

I

До донесување на Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево (во натамошниот текст: Заедница), по однос на финансирањето и финансиското работење на Заедницата ќе се применуваат одредбите на Статутот на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Охрид и Статутот на Заедницата на здравственото осигурување на земјоделците — Охрид, доколку не се во спротивност со соодветните одредби на Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74).

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 мај 1974 година.

СОБРАНИЕ НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КИЧЕВО

Бр. 01-1322/1
8 мај 1974 година
Кичево

Претседател,
**Ѓоре Димоски,** с. р.

---

**203.**

Врз основа на член 18 став 2 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување и член 23 став 2 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, на седницата на соборот на делегатите на работниците — корисници на услугите и соборот на делегатите на работниците од здружениот труд од здравството — даватели на услугите, одржана на 8 мај 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ, ПОСТОЈАНИТЕ ИЗНОСИ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ ОСИГУРЕНИЦИ И ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦИТЕ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ ОСИГУРЕНИЦИ

I

Со оваа одлука до крајот на 1974 година се утврдуваат висината на стапката на придонесите за здравствено осигурување на работниците, постојаните износи на придонесите за здравствено осигурување на одделни категории осигуреници, висината на стапката на посебниот придонес за користење здравствена заштита во странство и основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравствено осигурување за одделни категории осигуреници.

II

Висината на стапките на придонесите и постојаните износи на придонесите за здравствено осигурување од претходната точка се утврдуваат во висина утврдена со одлуките на Собранието на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Охрид и тоа:

— Одлуката за висината на стапката на придонесите за здравствено осигурување на работниците, бр. 02-9732 од 27. 12. 1973 година („Службен весник на СРМ" бр. 47/73);

— Одлуката за утврдување на постојаните износи на придонесите на одделни категории осигуреници, бр. 02-8517 од 30. 12. 1971 година („Службен весник на СРМ" бр. 43/71).

III

Основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравствено осигурување за одделни категории осигуреници се утврдуваат во висина утврдена со Одлуката на Советот на Сојузот на заедниците на здравственото осигурување на работниците на Македонија, бр. 01-300/1 од 12. VII. 1972 година („Службен весник на СРМ" бр. 27/72 и 28/73), освен основиците утврдени со членот 3 став 1 точка 1 и 4 од Одлуката на Собранието на Заедницата на здравственото осигурување на работниците — Охрид, бр. 02-6761 од 28. IX. 1973 година.

IV

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 мај 1974 година.

СОБРАНИЕ НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КИЧЕВО

Бр. 01-1323/1
8 мај 1974 година
Кичево

Претседател,
**Ѓоре Димоски,** с. р.

---

**204.**

Врз основа на член 18 став 2 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување и член 23 став 2 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, на седницата на соборот на делегатите на земјоделците — корисници на услугите и соборот на делегатите на работниците од здружениот труд во здравството — даватели на услугите, одржана на 8 мај 1974 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ

I

До крајот на 1974 година висината на придонесот за здравствено осигурување на земјоделците се утврдува во висина утврдена од Собранието на Заедницата на здравственото осигурување на земјоделците — Охрид, со Одлуката за висината на придонесот за здравствено осигурување на земјоделците, бр. 02-9706 од 26. 12. 1973 година.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 мај 1974 година.

СОБРАНИЕ НА ОПШТИНСКАТА ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КИЧЕВО

Бр. 01-1324/1
8 мај 1974 година
Кичево

Претседател,
**Ѓоре Димоски**, с.р.

# *Огласен дел*

## РЕГИСТАР НА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 77, страна 59, книга VIII е запишано следното: Досегашниот директор на Основната организација на здружен труд — Погон за тополарство и земјоделие — Драчево — Скопје, на Претпријатието за дрвна индустрија „Треска" — Скопје, Божидар Петрушевски, е разрешен од должност со одлуката на работничкиот совет бр. 16-9045 од 10. V. 1973 година, од одржаната седница на 5. IV. 1973 година.

За директор на ООЗТ е назначен Кутревски Мојсо, инженер, кој истата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето со стариот регистриран потписник Ристо Колев, сметано од 1. VI. 1973 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 553 од 14. VI. 1973 година. (909)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на претпријатијата и дуќаните, рег. бр. 145, страна 191, книга VIII е запишано следното: На досегашниот потписник Темелковски Јордан, раководител на службата за продажба и купопродажба на литература на Издавачкото претпријатие „Култура" — Скопје, со одлуката на работничкиот совет број 03-1819 од 9. V. 1973 година од одржаната седница на 14. V. 1970 година му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност.

За потписници на претпријатието во иднина остануваат старите регистрирани потписници и тоа: Душан Црвенковски, директор, Стамат Стаматовски, шеф на сметководството, Иван Ивановски, книговодител и Ковиловски Томислав, раководител на стопанско-сметководниот сектор, сметано од 8. VI. 1973 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 576 од 14. VI. 1973 година. (910)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 28. V. 1973 година, рег. бр. 2/55, книга IV е запишана под фирма: Продавница во село Карамани, Битола, на Земјоделско-производната трговска организација „Кисела Вода" — Ресен. Предмет на работењето на продавницата е промет со колонијално-прехранбени стоки и предмети за општа употреба.

Раководител на продавницата е Дишковски Александар.

Продавницата е основана со одлуката на работничкиот совет на Земјоделско-производната трговска организација „Кисела Вода" — Ресен, број 02-1615/5 од 21. V. 1973 година.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и основачот.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 244/73. (915)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 28. V. 1973 година, рег. бр. 2/55, книга IV е запишана под фирма: Продавница во село Габалавци, Битола, на Земјоделско-производната трговска организација „Кисела Вода" — Ресен. Предмет на работењето на продавницата е промет со колонијално-прехранбени производи и предмети за општа употреба.

Раководител на продавницата е Стојчевски Милан.

Продавницата е основана со одлуката на работничкиот совет на Земјоделско-производната трговска организација „Кисела Вода" — Ресен, број 02-1615/5 од 21. V. 1973 година.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и основачот.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 245/73. (916)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 25. V. 1973 година, рег. бр. 117/55, книга III е запишано следното: Се проширува дејноста на Продавницата во Охрид, на ул. „Моша Пијаде" бр. 64, на Трговското претпријатие „Охридски магазин" — Охрид, уште и со продажба на кратка стока — позамантерија.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката на работничкиот совет на Трговското претпријатие „Охридски магазин" — Охрид број 02-762/5 од 19. V. 1973 година и решението на Одделението за инспекциски работи на Собранието на општината Охрид, Уп. бр. 04-865 од 11. V. 1973 година.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 230/73. (943)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 25. V. 1973 година, рег. бр. 117/55, книга III е запишано следното: Никола Павловски, досегашен раководител на Продавницата во Охрид, на Трговското претпријатие „Охридски магазин" — Охрид, е разрешен од должност. За раководител на продавницата е поставена Нада Мишева.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 229/73. (944)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 25. V. 1973 година, рег. бр. 74/55, книга III е запишано следното: Се овластува Прентоски Ристо, директор на стопанско-сметководниот сектор, покрај досегашните потписници Милески Ристо, в.д. директор, Матоски Петар, комерцијален директор и Климе Томановски, шеф на сметководството, да го потпишува Тровското претпријатие „Струшка трговија" — Струга.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 242/73. (948)

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 20. III. 1973 година, рег. бр. 461, реден број 1 е запишана под фирма: Шумско-индустриски комбинат „Јелак" — Тетово, Продавница за продажба на трговски стоки — Штип, ул. „Христијан Карпош" бб, новоградба, кула број 1.

Продавницата ќе ги врши следните дејности: продажба на мало и големо на сите видови елек-

трични апарати, мебел, стакло, порцелан и керамичка стока, машини за шиење и прибор, санитарни и инсталациони материјали, производи од пластика и теписи.

Раководител на продавницата е Иван Дурдубаков.

Продавницата е основана од Шумско-индустриско комбинат „Јелак" — Тетово, со одлуката на работничкиот совет бр. 02-4388 од 6. XI 1972 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 44/73. (1015)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 13. IV. 1973 година, рег. бр. 20, реден број 4, книга II е запишано: Трговското претпријатие „Разнопромет" — увоз-извоз во малограничен промет, малопродажба и промет во транзит од Струмица се присоединува кон „Макотекс" — извоз-увоз — Скопје и станува основна организација на здружен труд, чија фирма ќе гласи: „Макотекс" — извоз-увоз — Скопје, Основна организација на здружен труд „Разнопромет" на големо и мало — Струмица.

Основната организација на здружен труд „Разнопромет" — Струмица е со својство на правно лице, самостојна жиро-сметка и нема субсидијарна одговорност спрема „Макотекс" — извоз-увоз — Скопје и обратно.

Дејноста на основната организација на здружен труд „Разнопромет" — Струмица и овластените потписници остануваат исти и за понатаму.

Уписот се изврши во регистарот врз основа на одлуката на работничкиот совет на „Макотекс" — извоз-увоз — Скопје бр. 02-6680 од 16. III. 1973 година и одлуката на работната заедница на Трговското претпријатие „Разнопромет" — увоз-извоз во малограничен промет, малопродажба и промет во транзит — Струмица број 01-294/1 од 31. III. 1973 година и Самоуправната спогодба на „Макотекс" — увоз-извоз — Скопје и „Разнопромет" — Струмица број 8013 од 4. IV. 1973 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 82/73. (1018)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 20. VI. 1973 година, рег. бр. 2/71, книга I е запишано следното: Досегашниот раководител на Туристичкото транспортно биро — Битола, на Железничкото транспортно претпријатие — Скопје лицето Лутвиевски Ѓорѓи се менува.

Се овластува Неделковски Најдо, раководител, за потпишување на Туристичкото транспортно биро — Битола.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 188/73. (1027)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 5. VI. 1973 година, рег. бр. 117/55, книга III е запишано следното: Досегашниот раководител на Продавницата во Охрид, на Трговското претпријатие „Охридски магазин" — Охрид, лицето Никола Пумпаловски се менува. На негово место за раководител е поставен Спасе Ставрески.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 253/73. (1030)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 5. VI. 1973 година, рег. бр. 117/55, книга III е запишано следното: Досегашниот раководител на продавницата во Охрид, на Трговското претпријатие „Охридски магазин" — Охрид, Хасан Хајредин се менува. На негово место за раководител е поставен Ристо Митревски.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 254/73. (1031)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 12. VI. 1973 година, рег. бр. 10/73, книга II е запишано следното: Се овластува Мишев Ристо, претседател на досегашниот одбор за привремена управа, за потпишување на „Лихнида" —фабрика за преработка на пластични маси — Охрид.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 265/73. (1032)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации, на 19. VI. 1973 година, рег. бр. 11/55, книга II, е запишано следното: Продавницата во с. Дрмени, Ресен на Земјоделската задруга „Илинден", село Стење, престана со својата работа и се брише од регистарот на стопанските организации, кој го води овој суд, бидејќи е преземена од Земјоделско-производната трговска организација „Кисела Вода" — Ресен.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката на задружниот совет на Земјоделската задруга „Илинден", село Стење, број 03-45 од 1. IV. 1972 година и одлуката на работничкиот совет на Земјоделско-производната трговска организација „Кисела Вода" — Ресен бр. 02-1503/7 од 10. V. 1972 година.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 251/73. (1035)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 8. VI. 1973 година, рег. бр. 10/73, книга II е запишано следното: Се брише од регистарот на овој суд Самостојната организација на здружен труд, со својство на правно лице — Фабрика за преработка на пластични маси „Лихнида" — Охрид и истата се издвојува од составот на Индустријата за пластични маси „Интерплас" — Београд, и истата се запишува во регистарот на стопанските организации што го води овој суд под рег. бр. 32/69/II.

Се дозволува уписот на Фабриката за производство на пластични маси „Лихнида" — Охрид и истата се запишува во регистарот на стопанските организации при овој суд под рег. бр. 10/73, книга II и тоа под фирма: „Лихнида" — фабрика за преработка на пластични маси — Охрид. Предмет на работењето на фабриката е:

— преработка на пластични маси од сите видови-типови со постапка на шприцање (термо-преработка, вакумирање, екструдирање, дување и други техники на преработка во оваа област;

— преработка на гума, алуминиум и други метали и обликувања на готовите производи од тие метали;

— изработка на алати за преработка на пластични маси, гума, алуминиум и други намени за своите потреби и за потребите на трети лица;

— изведување на ремонтни и сервисни услуги и одржување на објекти и капацитети за свои потреби и за потребите на трети лица;

— набавка на основни и помошни материјали и суровини за преработка односно производство на нови производи;

— продажба на стока од сопствено производство;

— купување и продажба на производи што го дополнуваат производството и овозможуваат услови за нормално работење;

— вршење на услуги во транспортот со свои и туѓи транспортни средства за свои потреби и потребите на трети лица.

Должноста на инокосен извршен орган до воведување на привремена управа од страна на Собранието на општината Охрид и понатаму ќе ја врши претседателот на досегашниот одбор за привремена управа Мишев Ристо.

Фабриката за преработка на пластични маси „Лихнида" — Охрид е основана со издвојување на Самостојната организација на здружен труд со својство на правно лице — Фабрика за преработка на пластични маси „Лихнида" — Охрид од составот на Индустријата за пластични маси „Интерпласт" — Београд, а согласно одлуката на Фабриката за пластични маси „Лихнида" — Охрид, број 3240 од 23.V. 1973 година.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 258/73. (1033)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 11. VI. 1973 година, рег. бр. 20/61, книга II е запишано следното: Се проширува дејноста на Шумско-индустриското претпријатие „Преспа" — Ресен, уште со: производство на гранулати и финални производи од пластика.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката на работничкиот совет на Шумско-индустриското претпријатие „Преспа" — Ресен, број 02-149/2 од 19. IV. 1973 година и решението од Пазарната инспекција при Собранието на општината Ресен, број 04-1828/1 од 5. VI. 1973 година.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 255/73 година. (1036)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 19. VI. 1973 година, рег. бр. 74/55, книга III е запишано следното: Продавницата во село Мислодежда, Струга на Трговското претпријатие „Струшка трговија" — Струга, престана со својата работа и се брише од регистарот на стопанските организации, поради тоа што истата ја презема Земјоделската задруга „Напредок" — село Ложани, рег. бр. 6/55/III.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката на работничкиот совет на Трговското претпријатие „Струшка трговија" — Струга, бр. 01-1160 од 16. V. 1973 година и одлуката на задружниот совет на Земјоделската задруга „Напредок", село Ложани број 01-278 од 16. V. 1973 година.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 259/73. (1037)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на стопанските организации на 20. VI. 1973 година рег. бр. 16/60, книга II е запишано следното: Откупната станица „Наша суровина" — Струга, на Трговското претпријатие „Наша суровина" — Скопје, престана со својата работа и се брише од регистарот на стопанските организации, кој го води овој суд.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката на работничкиот совет на Трговското претпријатие „Наша суровина" — Скопје, бр. 03-1103/1 од 18. VI. 1973 година.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 266/73. (1038)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 1633, страна 203, книга VIII се врши пренотација на одлуката за издвојување на ООЗТ, со својство на правно лице, во состав на „Интерпласт" — индустрија за пластични производи, експорт-импорт и застапување — Белград — Фабрика за пластични призводи „Пластика" — Скопје во работна организација под назив: „Пластика" — фабрика за преработка на пластични маси — Скопје, која одлука е донесена на 11. V. 1973 година а со следните податоци — под фирма: Фабрика за преработка на пластични маси „Пластика" — Скопје, ул. „Иво Рибар-Лола" бр. 164а.

Предмет на работењето на фабриката е:

— преработка на пластични маси од сите видови и типови со постапка на бризгање (термопреработка), вакумирање, екструдирање, дување и други техники на преработка во оваа област;

— пластификација на бакарни проводници и челични сајли;

— изработка на алати за преработка на пластични маси и други намени за свои потреби и за трети лица;

— изведување на ремонтни сервисни услуги и одржување на објекти и капацитети за свои потреби и за трети лица;

— набавка на помошни материјали и суровини со цел за преработка, односно за производство на нови производи;

— продажба на стоки од сопствено производство;

— купување и продавање на производи кои го дополнуваат производството и овозможуваат услови за нормално работење;

— вршење работи на увоз и извоз за свои потреби и за потребите на други претпријатија од оваа област;

— организирање на деловно-техничка соработка со домашни и странски фирми;

— вршење услуги со превоз и со свои транспортни средства за свои потреби и за потребите на трети лица.

Фабриката за преработка на пластични маси „Пластика" — Скопје ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат Станојковски Стојан, в. д. директор и Крстевски Трајко, во границите на овластувањето.

Обврската пред банката е со два потписа.

Фабриката за преработка на пластични маси „Пластика" — Скопје ќе се конституира во рок од 90 дена по уписот на актот за основање во регистарот.

Се брише од регистарот на организациите на здружен труд од рег. бр. 1360, страна 360, книга VI „Интерпласт" — индустрија за пластични производи, експорт-импорт и застапување — Белград — Самостојна организација на здружен труд со својство на правно лице во состав на „Интерпласт" — Белград — Фабрика за пластични производи „Пластика" — Скопје, бидејќи се издвојува во работна организација под назив: „Пластика" — фабрика за преработка на пластични маси — Скопје, согласно со горенаведената одлука.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 615 од 28. VI. 1973 година. (1091)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 933, страна 453, книга IV е запишано следното: Се брише од регистарот на организациите на здружен труд Претставништвото во Скопје, ул. „Иво Рибар-Лола" бр. 46 на Претпријатието „Унион импекс" — Сарајево, согласно со одлуката на работничкиот совет на „Унион импекс" — Сарајево, број 283 од 6. VI. 1973 година, од одржаната седница на 31. V. 1973 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 603 од 26. VI. 1973 година. (1092)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 1578, страна 373, книга VII се врши пренотација на одлуката за организирање на Основната организација на здружен труд „Новоградба" — Скопје при „Водостопанство" — претпријатие за стопанисување со води — Скопје под фирма: Основна организација на здружен труд „Новоградба" — Скопје, ул. „Лазар Личеновски" бр. 27б. Предмет на работењето на ООЗТ е: врши изградба на нови хидротехнички објекти; врши изведување на работи за проширување и реконструкција на постојните водостопански објекти; врши регулација и корекција на реки, корита и сливови; врши регулација и корекција на порои; врши изведување и работи на изградбата на насипи и брани; изве-

дува работи на градежни објекти од ниска градба, хидромелиоративни системи како и објекти од ниска градба кои се во врска или од влијание на хидромелиоративните системи; ја одржува механизацијата и целокупниот возен парк во исправна состојба; со механизацијата и возниот парк врши услуги и на други работни единици и трети лица; врши користење и сепарација на наносен материјал; врши изработка на бетонски производи, цевки од различни димензии, бетонски плочи, бетонски столбови и друго, за свои потреби и потребите на трети лица.

ООЗТ ќе ја потпишуваат Спанџов Герасим, в. д. директор и Лазаревски Владимир.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 633 од 28. VI. 1973 година. (1093)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 669, страна 177, книга VIII се врши пренотација на одлуката за организирање на Основната организација на здружен труд — Филијала за внатрешен промет во Белград на „Агромакедонија" — деловно здружение за полјоделство и механизација — експорт-импорт — Скопје со следните податоци: под фирма: Основна организација на здружен труд — Филијала за внатрешен промет — Белград, улица „Партизански пут" број 1. Предмет на работењето на ООЗТ е внатрешен промет на стоки од дејноста што ја врши матичната организација на здружен труд во име и за сметка на членките на организацијата на деловното здружение, во свое име и за сметка на членките на организацијата на деловното здружение.

ООЗТ ќе ја потпишува Јован Девичерски, в. д. директор.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 679 од 16. VII. 1973 година. (1094)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 666, страна 209, книга VII е запишано следното: Дејноста на „Газела" — индустрија за чевли и гумени производи — Скопје и на трговската мрежа при Индустријата за чевли и гумени производи — Скопје, согласно со одлуката на централниот работнички совет бр. 02-5260 од 6. IV. 1973 година, од одржаната седница на 19. XII. 1972 година во иднина се проширува и со продажба на текстил и кожна галантерија.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 356 од 29. VI. 1973 година. (1096)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 171, страна 117, книга VIII се врши пренотација на одлуката за организирање на Основната организација на здружен труд „Текстил" — Скопје на „Интерпромет" — трговско претпријатие за промет со универзални стоки на големо и мало — Скопје со следните податоци под фирма: Основна организација на здружен труд „Текстил" — Скопје, ул. „Битпазарска" бр. 60. Предмет на работењето на ООЗТ е трговија на големо со текстил и производи од текстил, куси, плетени и слични производи, декоративни стоки, каделни и јутени производи, страгула, линолеум, вештачки кожи и други производи од гранката 124.

ООЗТ ќе ја потпишуваат Манчевски Митре, директор на ООЗТ „Текстил" во состав на „Интерпромет" — Скопје, Филиповски Трајче, комерцијалист и Ордевски Томислав, шеф на сметководството.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 519 од 10. VII. 1973 година. (1098)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 1406, срана 511, книга VI е запишано следното: Самостојната работна организација — Текстилна конфекција „Водно" — Скопје е конституирана на ден 25. VI. 1973 година, согласно одлуката број 95 од 26. VI. 1973 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 647 од 6. VII. 1973 година. (1099)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 215, страна 215, книга VII е запишано следното: Покрај досегашните потписници на „Македонија" — претпријатие за извоз-увоз на тутун — Скопје и тоа: Кирил Бисеровски, генерален директор, Давко Љубен, директор на стопанско-сметководен сектор, Шутурков Пере Данчо, директор на комерцијлно-технички сектор, Куне Димитров Ѓорѓиевски, шеф на технички сектор, Михајло Прокопиев, Зора Стојанова и Љубо Трајков Величков, претпријатието ќе го потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат во границите на овластувањето и новоназначените потписници инженер Јован Боро Ивановски, директор на секторот за извоз-увоз на тутун и тутунови производи и инженер Слободан Нестор Бошковски, директор на извоз-увоз на тутун, сметано од 15. VI. 1973 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 598 од 5. VII. 1973 година. (1100)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 902, страна 254, книга VI е запишано следното: Се брише од регистарот на организациите на здружен труд Деловното здружение на водостопанските организации на СРМ — Скопје, согласно со одлуката на ликвидационата комисија за престанок на делувањето на Деловното здружение на водостопанските организации на СРМ бр. 05-53/1 од 9. VII. 1973 година со која се прифаќа завршната билансна состојба на истото, заклучно со 30. VI. 1973 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 702 од 13. VII. 1973 година. (1106)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 719, страна 85, книга III е запишано следното: Претставништвото во Скопје, на Трговското претпријатие „Чатал" — Штип се преместува од ул. „Маршал Тито" бр. 51/1, на ул. „Рузвелтова бр. 3 во Скопје, согласно со одлуката на работничкиот совет од одржаната седница на 15. XI. 1972 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 715 од 24. VII. 1973 година. (1112)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации, рег. бр. 215, страна 423, книга II е запишано следното: Покрај досегашните потписници на „Чик" — чевларска индустрија — Куманово и тоа: Милисав Маневски, генерален директор, Стефановски Тихомир, директор на финансиски сектор, Крстиќ Младен, технички дирекор и Здравковиќ Милан, директор на продажбениот сектор, индустријата во иднина ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува во границите на овластувањето и новоназначениот потписник Јакимовски Петар, директор на набавен сектор, согласно со одлуката на Деловниот одбор при „Чик" — чевларска индустрија — Куманово, број 13 од 24. II. 1973 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 339 од 25. IV. 1973 година. (775)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на стопанските организации, рег. бр. 1555, страна 264, книга VIII е запишано следното: На досегашните потписници на Трговското претпријатие на големо и мало „Трговјуг" — Скопје и тоа: Иванчо Михајловски, в. д. директор и Стојан Ефремовски, магационер, им престанува правото за потпишување, бидејќи се разрешени од должност со одлуката на советот на работната заедница, број 43 од 11. IV. 1973 година.

За нови потписници на претпријатието со горенаведената одлука се назначени следните лица: Владимир Путински, в. д. директор и Качаков Ташко, сметано од 23. IV. 1973 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 411 од 7. V. 1973 година. (781)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 127, страна 52, книга II, е запишано следното: На досегашниот раководител на „Задругар" — земјоделска задруга — село Габрово — Самостојна организација на здружен труд, со својство на правно лице, со посебна жиро сметка и без супсидијарна одговорност спрема останатите СОЗТ — Скопје Ристов Илиев Тодор, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност со одлуката на работната заедница на ЗЗ „Задругар" — СОЗТ со својство на правно лице со посебна жиросметка и без супсидијарна одговорност спрема останатите СОЗТ, број 100 од 24. III. 1973 година.

За в. д. директор на споменатата СОЗТ со одлуката на работната заедница број 100 од 24. III. 1973 година е назначен Ристов Илија, кој во иднина истата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со новоназначениот потписник Стојнева Еленка, сметано од 28. III. 1973 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 322 од 30. III. 1973 година. (599)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 74, страна 755, книга I е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Единство" од село Челопек, Тетовско — Организација на здружен труд, без својство на правно лице — Продавница број 16 во Тетово, ул. „Страшо Пинџур" бр. 52. Предмет на работењето на продавницата е продажба на уреди за домаќинството и железарија.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Единство" — село Челопек, со одлуката на задружниот совет број 02-13 од 5. I. 1972 година.

Раководител на продавницата е Рафиз Цеќа.

Продавницата број 16 во Тетово ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 3 од 19. I. 1973 година. (132)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 102, страна 557, книга I е запишано следното: Досегашниот в. д. директор на Земјоделската задруга „Прогрес" — село Отља, Кумановско, Шаќир Рамадани, со одлуката на задружниот совет број 276 од 13. XII. 1972 година е назначен за директор и на оваа должност ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува задругата, во границите на овластувањето, со стариот регистриран потписник Селвер Јусуфи, сметано од 18. XII. 1972 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1088 од 25. XII. 1972 година. (71)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 44, страна 479, книга II е запишано следното: На досегашниот потписник на Земјоделската задруга „Прогрес" — Ѓорче Петров Ивановски Љубен, шеф на сметководството, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност со одлуката на задружниот совет од 14. II. 1973 година.

За нов потписник на задругата е назначен со одлуката на задружниот совет број 0201-442 од 14. II. 1973 година Козоловски Томо, референт по градежен и огревен материјал, кој истата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со стариот регистриран потписник Гаврилски Стојмир, директор, сметано од 16. II. 1973 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 144 од 20. II. 1973 година. (386)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на задругите, на 14. V. 1973 година, рег. бр. 6/55, книга III е запишана под фирма: Продавница во Охрид, ул. „Бистрица" бр. 66, на Земјоделската задруга „Напредок", село Ложани, Струга. Предмет на работењето на продавницата е обавување промет, на мало со прехранбени артикли, мелнички преработки, јужно овошје, алкохолни и безалкохолни пијалоци, преработки врз база на какао, наполитанки, млеко и млечни преработки.

Раководител на продавницата е Даути Рифат.

Продавницата е основана со одлуката на задружниот совет на Земјоделската задруга „Напредок", село Ложани, број 02-108/1 од 28. II. 1973 година.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што го потпишува и основачот.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 213/73. (926)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите, на 23. V. 1973 година, рег. бр. 186, реден број 12, книга II е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Оризарство", село Колешино, Струмичко, Продавница на колонијални мешани трговски стоки број 1 во село Колешино, Струмичко. Предмет на работењето на продавницата е продажба на трговски мешани и колонијални стоки, електроуреди, конфекција, трикотажа, железарија, леб, брашно; сувомесни производи, јужно овошје, мебел, галантерија и др.

Раководител на продавницата е Атанас Царчев.

Продавницата е во состав на Земјоделската задруга „Оризарство", село Колешино, основана со одлуката на задружниот совет на задругата, број 02-424 од 18. XII. 1971 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 68/72. (1005)

---

Окружниот стопански суд во Штип објавува дека во регистарот на задругите, на 17. IV. 1973 година, рег. бр. 177, реден број 8 е запишана под фирма: Земјоделска задруга „Младост" — село Борисово, Продавница на колонијални стоки, прехранбени производи, индустриски стоки во село Седларци, Струмичко. Предмет на работењето на продавницата е продажба на колонијални стоки, прехранбени производи, индустриски и други стоки.

Раководител на продавницата е Васил Митрев.

Продавницата е во состав на Земјоделската задруга „Младост" — село Борисово, Струмичко, основана со одлуката на задружниот совет на задругата, број 13 од 10. III. 1973 година.

Од Окружниот стопански суд во Штип, Фи. бр. 83/73. (1006)

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на задругите, на 12. VI. 1973 година, рег. бр. 6/55, книга III е запишана под фирма: Продавница број 27 во село Ложани — Струга, на Земјоделската задруга „Напредок", село Ложани. Предмет на работењето на продавницата е промет на мало со сите видови земјоделски производи, семенски материјали како и вештачки ѓубрива.

Раководител на продавницата е Перески Ило.

Продавницата е основана од Земјоделската задруга „Напредок" — село Ложани, со одлуката на задружниот совет број 02-109/1 од 28. II. 1972 година.

Продавницата ќе ја потпишува истото лице што ја потпишува и задругата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 261/73. (1025)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на задругите, рег. бр. 110, страна 765, книга I е запишано следното: Дејноста на Земјоделската задруга „Кочо Рацин" — село Лазарополе, согласно со одлуката на задружниот совет број 03-41/1 од 7. IV. 1973 година, од одржаната седница на 30. I. 1973 година во иднина се проширува и со работа на сиц килимарство, текстил и домашни ракотворби; набавка и продажба на сточарски и земјоделски производи, на големо и мало; вршење на транспортни услуги за потребите на задругата и на други правни и физички лица; вршење на трговска дејност: трговија на големо и мало и малопродажба преку свои продавници во местото и низ целата територија на СФРЈ; угостителство и туризам во местото и земјата; вршење градежно-занаетчиски дејности (градежништво, елекроинсталатерски, водоинсталатерски и молерски), како и снабдување во местото и земјата со градежни материјали и користење на шумски богатства — шумска манипулација.

Земјоделската задруга „Кочо Рацин" — село Лазарополе е конституирана на 22. III. 1973 година, согласно со записникот од одржаната седница на задружниот совет од 22. III. 1973 година.

За членови на деловниот одбор се избрани следните лица: Динговски Љубе, Аврамовски Ристо, Танаскоски Ристе, Поповски Мојсо, Дарковски Новко и Мелковски Даме. За претседател на деловниот одбор е избран Танаскоски Ристе.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 355 од 5. V. 1973. (772)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 644, страна 1327, книга III се врши пренотација на Одлуката за организирање на Основната организација на здружен труд „Завод за здравствена заштита на мајки и деца — Скопје" — Скопје, ул. „Цветан Димов" бб, при Здравствениот дом на Скопје — Скопје под име: Основна организација на здружен труд „Завод за здравствена заштита на мајки и деца — Скопје" — Скопје, ул. „Цветан Димов" бб.

Предмет на работењето на ООЗТ е вршење на диспанзерска дејност во однос на доенчињата, малите и предучилишните деца, училишните деца и младината, жените, бремените жени и родилките;

Предмет на работењето на патронажната служба е:

— следење на здравствената состојба на мајките и децата и подготвување програми, планови, анализи и други материјали за унапредување на здравствената заштита на оваа категорија на населението од подрачјето на Скопје и СР Македонија;

— укажување стручна методолошка помош на здравствените работни организации во Скопје и СРМ, по однос на здравствената заштита на мајките и децата;

— биохемиски и лабораториски испитувања.

ООЗТ ќе ја потпишува д-р Миодраг Сајковски, директор.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 118 од 13. VIII. 1973 година. (1228)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 735, страна 1185, книга III е запишано следното: Досегашниот директор на Домот на пензионерите во Тетово, Кочоски Трпко, со решение број 36 од 30. VII. 1973 година на споменатиот дом, е разрешен од должност и на истиот му престанува правото за потпишување.

За директор на Домот на пензионерите — Тетово, со одлуката на Советот на Домот на пензионерите и пензионираните инвалиди на трудот во Тетово, број 28 од 6. VIII. 1973 година, од одржаната седница на 30. VII. 1973 година, е назначен Стојановски Владо, кој во иднина истиот ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, сметано од 17. VIII. 1973 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 146 од 27. VIII. 1973 година. (1249)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 7. VIII. 1973 година, рег. бр. 95/65 е запишано следното: Му престанува правото за потпишување на прим. д-р Димитар Котевски, досегашен директор на Медицинскиот центар „Д-р Трифун Пановски" — Битола.

Се овластуваат д-р Петар Ангеловски, директор и д-р Александар Ризев, да го потпишуваат центарот.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 41/73. (1256)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 28. VIII. 1973 година, рег. бр. 11/70 е запишано следното: Му престанува правото за потпишување на Методија Јавашоски, привремен директор на Заштитната работилница за рехабилитација и вработување на инвалидизирани лица „Елан" Прилеп.

Се овластува Трајче Мирчески, директор, за потпишување на установата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 48/73. (1263)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 755, страна 1335, книга III е запишана под фирма: Гимназија „Гоце Делчев" — Валандово. Предмет на работењето на установата е вршење на просветна дејност (Установа за средно образование со I, II, III и IV клас).

Гимназијата е основана од Собранието на општина — Валандово, со одлуката број 01-2944/1 од 29. XII. 1972 година.

Гимназијата „Гоце Делчев" во Валандово ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, Костадин Кајдамов, професор, в. д. директор.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Гимназијата „Гоце Делчев" — Валандово е конституирана на 6. VIII. 1973 година, согласно записникот од одржаната седница на 6. VIII. 1973 година.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 147 од 24. IX. 1973 година. (1267)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 68, страна 283, книга I е запишано следното: На досегашниот потписник на Гимназијата „Цветан Димов" — Скопје, Јанкуловски Илија, директор, со одлуката на Советот на работната заедница, број 06-1393 од 6. IX. 1973 година, од одржаната седница на 24. VIII. 1973 година, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност.

За в. д. директор на Гимназијата „Цветан Димов" — Скопје, со горецитираната одлука е назначен Блажевски Илија, кој во иднина истата ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со стариот регистриран потписник Ефремов Тодор, сметано од 6. IX. 1973 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 151 од 21. IX. 1973 година. (1273)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 50, страна 204, книга I е запишано следното: Фирмата на Центарот за економика на домаќинството — Скопје, согласно Законот објавен во „Службен весник на СРМ" бр. 29 од 25. VII. 1973 година, се менува и во иднина ќе гласи: Републички завод за унапредување на домаќинството — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 152 од 28. IX. 1973 година. (1274)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 756, срана 1339, книга III е запишана под фирма: Ветеринарна станица — Неготино, ул. „Маршал Тито" бр. 12. Предмет на работењето на Ветеринарната станица е преглед, лекување и заштита од заразни и паразитни болести кај домашните животни.

Ветеринарната станица е основана од Собранието на општина Неготино, со решение бр. 2914 од 5. XII. 1955 година (Уверение од Собранието на општина Неготино — Одделение за стопанство — Неготино, број 04-910/1 од 8. VI. 1973 година).

Ветеринарната станица во Неготино ќе ја потпишуваат, задолжуваат и раздолжуваат, во границите на овластувањето, Лазар Нацев, в. д. директор и Бекчева Марика.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 129 од 12. X. 1973 година. (1289)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 25. IX. 1973 година ,рег. бр. 98/65 е запишано следното: Му престанува правото за потпишување на Арсо Антонов, директор на Основното училиште „Кирил и Методи" — Битола.

Се овластуваат Коста Саздановски, директор и Јоана Георгиева, секретар, за потпишување на учи-

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 52/73. (1306)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 25. IX. 1973 година, рег. бр. 16/67 е запишано следното: Му престанува правото за потпишување на Живко Богоевски, директор на Центарот за социјална работа — Охрид.

Се овластува Дејан Блажевски, в.д. директор, за потпишување на установата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 51/73 година. (1312)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 10. IX. 1973 година, рег. бр. 10/70 е запишано следното: Се проширува дејноста на Заводот за урбанизам и комунално уредување — Прилеп, уште со: изработка на економско-техничко-технолошка документација.

Оваа промена е извршена врз основа на одлуката од работната заедница на Заводот за урбанизам и комунално уредување — Прилеп, број 02-704/5 од 23. XII. 1972 година и решението од Собранието на општина Прилеп, број 02-1467/1 од 4. VI. 1973 година.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 45/73. (1315)

---

Окружниот стопански суд во Битола објавува дека во регистарот на установите, на 24. IX. 1973 година, рег. бр. 81/65, е запишано следното: Му престанува правото за потпишување на Грнчаровски Д. Тодор, директор на Централното основно училиште „Мите Богоевски" — Ресен.

Се овластува Балаловски Христов Тодор, директор, за потпишување на училиштето.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 50/73. (1316)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на установите, на 10. IX. 1973 година, рег. бр. 8/71 е запишано следното: Му пресанува правото за потпишување на Илија Калаоски, управител на Комбинираната детска установа „8 Март" — Струга.

Се овластува Марија Мукоска, управител, за потпишување на установата.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Ус. бр. 49/73. (1318)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 557, страна 291, книга III е запишано следното: На досегашниот потписник на Основното училиште „Мирко Милески" — село Извор, Кичевско, Димоска Цветанка, директор, ѝ престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешена од должност со решението на училишниот совет, број 191/2 од 25. IX. 1973 година.

За нов директор на Основното училише „Мирко Милески" — село Извор, Кичевско, е назначен Силјаноски Василе со решение на советот на Основното училиште „Мирко Милески" — село Извор, број 191/3 од 25. IX. 1973 година, кој истото во иднина ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, со новоназначениот потписник со решението на училишниот совет, број 191/4 од 25. IX. 1973 година, Трпески Симо, режисер и стариот регистриран потписник Пандилоски Благоја, сметано од 28. IX. 1973 година.

Обврската пред банката е со два потписа.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 169 од 25. X. 1973 година. (1340)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 706, страна 1017, книга III е запишано следното: На досегашниот потписник на Специјалното училиште за основно образование на децата попречени во психичкиот развиток „Д-р Златан Сремец" — Скопје, Спасовски Пано, в. д. директор, му престанува правото за потпишување, бидејќи е разрешен од должност со одлука на советот на работната заедница, број 03-214 од 25. IX. 1973 година, од одржаната седница на 24. IX. 1973 година.

За в. д. директор на споменатото училиште со истата одлука е назначен Томчевски Славко, кој во иднина истото ќе го потпишува, задолжува и раздолжува, во границите на овластувањето, сметано од 9. X. 1973 година.

Обврската пред банката е со еден потпис.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Ус. бр. 179 од 18. X. 1973 година. (1343)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. број 270, страна 659, книга III е запишано следното: „Јадран“ — Занаетчиско трговско и посредничко претпријатие на големо и мало — Неготино Вардар — Деловна единица — Продавница во Призрен, улица „Зелена пијаца“, без својство на правно лице. Предмет на работењето на продавницата е промет на овошје и зеленчук на мало и друга прехранбена стока за секојдневна потреба.

Продавницата е основана со одлуката на работничкиот совет на „Јадран“ — занаетчиско трговско и посредничко претпријатие на големо и мало — Неготино Вардар, број 0201-257 од 1. III. 1973 година.

Раководител на продавницата е Круша Назим.

Деловната единица — Продавница во Призрен, улица „Зелена пијаца“, без својство на правно лице, ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1044 од 13. XI. 1973 година. (1460)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. бр. 270, страна 661, книга III е запишана под фирма: „Јадран“ — занаетчиско трговско и посредничко претпријатие на големо и мало — Неготино Вардар — Деловна единица — Продавница во Призрен, улица „Братство единство“ број 20, без својство на правно лице. Предмет на работењето на продавницата е промет со овошје и зеленчук и друга индустриско-прехранбена стока во оригинална опаковка, на мало.

Продавницата е основана со Одлуката на работничкиот совет на „Јадран“ — занаетчиско трговско и посредничко претпријатие на големо и мало Неготино Вардар, број 0201-257 од 1. III. 1973 година.

Раководител на продавницата е Мазлим Казази.

Деловната единица — продавница во Призрен, улица „Братство единство“ број 20 ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1045 од 13. XI. 1973 година. (1461)

---

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. број 270, страна 661, книга III е запишана под фирма: „Јадран“ — занаетчиско трговско и посредничко претпријатие — Неготино Вардар — Деловна единица — Продавница во Призрен, улица „Подринска“ број 22-а, без својство на правно лице. Предмет на работењето на продавницата е промет со овошје и зеленчук на мало.

Продавницата е основана со одлуката на работничкиот совет на „Јадран“ — занаетчиско трговско и посредничко претпријатие — Неготино Вардар, број 0201-257 од 1. III. 1973 година.

Раководител на продавницата е Веселиновиќ Ранка.

Деловната единица — продавница во Призрен, улица „Подринска“ бр. 22-а, ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1046 од 13. XI. 1973 одина. (1462)

Окружниот стопански суд во Скопје објавува дека во регистарот на организациите на здружен труд, рег. број 270, страна 657, книга III е запишана под фирма: „Јадран“ — занаетчиско трговско и посредничко претпријатие на големо и мало — Неготино Вардар — Деловна единица — Продавница број 1 во село Пожарање, општина Витина. Предмет на работењето на продавницата е промет со стока и тоа: текстилна стока, чевли, метална стока, градежен материјал, стакло, прехранбени производи и друга мешана стока за широка потрошувачка, која е наведена во решението Фи. бр. 364/69 од 22. IV. 1969 година.

Продавницата е основана со одлуката на работничкиот совет на „Јадран“ — занаетчиско трговско и посредничко претпријатие на големо и мало — Неготино Вардар, број 0201-257 од 1. III. 1973 година.

Раководител на продавницата е Салахи Сами.

Деловната единица — продавница број 1 во село Пожарање ќе ја потпишува, задолжува и раздолжува матичното претпријатие, во границите на овластувањето.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 947 од 13. XI. 1973 година. (1463)

---

## СОДРЖИНА

Страна

412. Правилник за изработка на катастарскиот операт и неговото одржување — — — 865

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

199. Одлука за избор на претседател и членови на Комисијата за жалби на Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево — — — — — — — — — 887

200. Одлука за именување секретар на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево — 887

201. Одлука за привремено утврдување на правата од здравствената заштита и другите права од здравственото осигурување 887

202. Одлука за привремено регулирање на одделни прашања за финансирањето и финансиското работење на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево — — — — — 888

203. Одлука за утврдување висината на стапките на придонесите за здравствено осигурување, постојаните износи на придонесите за здравствено осигурување на одделни категории осигуреници и за утврдување на основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравствено осигурување за одделни категории осигуреници — — — — — — — — — 888

204. Одлука за утврдување висината на придонесот за здравствено осигурување на земјоделците — — — — — — — — 888

**Издавач: „Службен весник на СРМ“ — издавачко претпријатие, Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10а. Пошт. фах 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро-сметка број 40100-601-128 кај Службата на општественото книговодство Печат Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје**